С О В Е Т   Н А   Г Р А Д   С К О П Ј Е

**ПРЕДЛАГАЧ:** Комисија за верификација, мандатни прашања, за признанија, претставки и поплаки

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Советот на Град Скопје

**Предлог-Одлука**
**за изменување на Одлуката за формирање**
**Комисија за еднакви можности на жените и мажите**

Скопје, јули 2024 година

Предлог

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), а во врска со член 14 став 5 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21), чл. 48-ѓ и 48-е од Статутот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 16/05, 8/10, 17/11, 18/13, 13/14, 1/15, 12/15, 4/19, 9/21 и 4/22), Советот на Град Скопје на ___________ седницата, одржана на ____________ 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за формирање**
**Комисија за еднакви можности на жените и мажите**

**Член 1**

Во Одлуката за формирање на **Комисија за еднакви можности на жените и мажите** („Службен гласник на Град Скопје“ број 15/21 и 20/23) во член 3, став 1, точка 1, наместо „Емилија Ангелова“ да стои „Филип Јаневски “.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27-          /1
 јули 2024 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TËSHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
Трајко Славески Trajko Sllaveski

**Образложение**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) утврдена е општата надлежност на Советот на Град Скопје.

Со член 14 став 5 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 166/14,150/15 и 201/15) предвидено е единиците на локалната самоуправа да формираат комисија за еднакви можности на жените и мажите, како постојано тело, со одлука на советот на единицата на локалната самоуправа, а нејзиниот состав, надлежности, задачи и обврски се утврдуваат со статутот на единицата на локалната самоуправа.

Со член 48-ѓ од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Град Скопје донесена на 18 декември 2013 година утврдено е дека во Градот Скопје се формира Комисија за еднакви можности на жените и мажите што се состои од 5 члена избрани од редот на членовите на Советот на Град Скопје со мандат од 4 години.Со член 48-е од истата Статутарна одлука е утврдено дека Одлука за формирање на Комисијата донесува Советот на Град Скопје по предлог на Комисијата за верификација, мандатни прашања, за признанија, претставки и поплаки.

Наведената измена е поради тоа што на г-ѓа Емилија Ангелова и престана мандатот како член на Советот на Град Скопје пред истекот на времето за кое е избрана, поради поднесена оставка.

Согласно гореизнесеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе Одлуката за изменувње на Одлуката за формирање Комисија за еднакви можности на жените и мажите.